Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ

# Во 2016 година се бележи тренд на опаѓање во нивото на транспарентност на јавните институции во РМ во однос на претходната година

- **Ниту една од дваесет и две мониторирани институции** во 2016 година, не објавила: буџетски календар, предбуџетска изјава, поедноставна верзија на буџетот (граѓански буџет), месечни извештаи за извршување на буџет и ревизорски извештај.
- Министерството за финансии и понатаму **останува единствена институција** која објавува поголем дел од документите предмет на мониторинг, **и единствена која објавува**: предлог буџет, буџет во отворен формат (xml), предложени измени и дополнување на буџет и усвоени измени и дополнувања на буџетот.
- **Само две** од мониторираните дваесет и две институции **објавуваат завршна сметка** во 2016 година (Министерство за финансии и Фонд за здравствено осигурување).
- Пет од вкупно дваесет и две институции (Министерство за транспорт и врски, Министерство за здравство, Здравствен Дом Скопје, ЦЈЗ Кочани, општина Виница), **немаат објавено ниту еден** од вкупно 16 мониторирани програмски и буџетски документи.
- Пет од вкупно дваесет и две институции (Министерство за култура, Министерство за надворешни работи, Министерство за образование и наука, Институтот за јавно здравје и општина Шуто Оризари), **имаат објавено само по еден** од вкупно 16 мониторирани програмски и буџетски документи.
- Најголем број од институциите имаат објавено **два од 16-те мониторирани документи,** и тоа: лице за контакт за информации од јавен карактер (12 институции) и листа на информации од јавен карактер (10 институции).

## Оценка на нивото на проактивна транспарентност на мониторираните јавни институции во однос на 2015 година

Четири од мониторираните институции **го намалиле нивото на проактивна транспарентност** во однос на 2015 година, и тоа: Фондот за здравствено осигурување, Министерство за култура, општина Виница и Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации.

Во 2016 година на страните на четири од мониторираните јавни институции **се објавени нови видови информации** во однос на претходната година, и тоа Општина Кочани, Институтот за јавно здравје на РМ, општина Делчево, и општина Шуто Оризари. При тоа, општина Кочани и Институтот за јавно здравје на РМ имаат објавено плус листа на информации од јавен карактер, општинаДелчево има објавено дополнително лице за контакт за информации од јавен карактер, додека општина Шуто Оризари објавила усвоен буџет за 2016 година.

Министерството за здравство и понатаму останува една од **институциите кои се на дното во однос на транспарентноста,** откако го продолжува минатогодишно започнатиот тренд на необјавување на ниту една информација за своето тековно работење. Во 2013 И 2014 години на нејзината страна се наоѓаа објавени мал дел од документите предмет на мониторинг.

**Министерството за финансии** останува во категоријата **делумно проактивни институции,** објавувајќи 62 % од значајните информации/документи за своето програмско и буџетско работење, што е повеќе од мината година. Воедно со објавувањето на уште еден документ за своето работење **прави исчекор** кон зголемување на нивото на транспарентност, и е на **чекор до најпроактивно транспарентна институција** во РМ. Дополнително, претставува **единствена институција** која го објавува документот предложени измени и дополнувања на буџетот.

Во 2015 година, **четири институции имале објавено завршни сметки**, додека **во 2016 година само две** (Министерство за финансии и Фондот за здравствено осигурување) од мониторираните дваесет и две го објавиле овој документ.

Алармантно е што институција како **Фондот за здравствено осигурување, која котираше високо** на скалата на транспарентност, наместо прогрес, **бележи значаен пад** во нивото на проактивност. Имено, додека во 2015 година фондот објавил 7 од мониторираните 16 документи, во 2016 година објавил само 4 документи.

## Корисноста од проактивната транспарентност на јавните институции

Транспарентноста и отвореноста, базирани на проактивно објавување на документи и информации на јавните институции за своето работење, играат значајна улога и водат до обострана корист за владата и за нејзините граѓани, што секогаш резултира со: зголемено учество на граѓаните во работата на владата, зголемена одговорност, почитување на владеењето на правото, намалена корупција, зголемена доверба во владата, почитување на владеењето на правото, подобар пристап до услугите, и воопшто до подобра работа на владата. Според ова, транспарентноста и отвореноста стануваат дефинирачки карактеристики на демократијата ширум светот, имено владите кои се отворени и транспарентни, се многу поодговорни кон нивните граѓани и во исто време се многу помалку корумпирани. Уште повеќе, отвореноста, самоинцијативата на институциите да објават податоци за своето работење е таа што ја генерира довербата, и притоа го отвара патот за значајно учество на граѓаните, значајно ја зголемува нивната информираност и нивното учество во креирањето на политиките, што во крајна линија води кон подобра политика воопшто.

**Оценка за степенот на проактивност на јавните институции во РМ**

Предмет на постапката на мониторинг во 2016 беше објавувањето/необјавувањето на шеснаесет клучни документи и информации кои се однесуваат на работењето на опфатените институции, и тоа: стратегија за работа, годишни програми, буџетски календар, предбуџетска изјава, граѓански буџет, предлог буџет и усвоен буџет, предлог измените и усвоените измени и дополнувања на буџетот, буџетски документи во отворен формат (xml и excel), месечни извештаи за извршување на буџет, полугодишен извештај за извршување на буџет, завршната сметка на буџетот, ревизорскиот извештај, податоци за лицето назначено за посредување за информации од јавен карактер и листа на јавни информации.

Оваа анализа нема за цел да го оцени квалитетот и времето на објавување на мониторираните документи и информации, туку има за цел да го прикаже нивото на проактивност на институциите кога станува збор за објавување на документите и информациите за нивното програмско и финансиско работење.

**Оваа анализа за оцена на степенот на проактивност на јавните институции е четврта по ред што ЕСЕ ја подготвува.**

Степенот на проактивна транспарентност на опфатените јавни институции е утврден преку бодување на објавените/необјавените на секој од шеснаесетте мониторирани документи на официјалната интернет страница на мониторираната институција.

Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ

Финансиски поддржано од:

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

**Објавувањето** на документите беше бодувано со **еден поен**, а пак **не објавувањето** со **нула поени**. Оценката за секоја одделна институција е добиена врз основа на процентот на објавени од вкупниот број мониторирани документи. Оптималниот резултат со кој може да се бодува секоја институција е 16 поени или 100 %.

## ЛЕГЕНДА:




* Детално објаснување на оценката за нивото на проактивност можете да најдете во делот "Оценка за степенот на проактивност на јавните институции во РМ"

## Сумарна оценка на степенот на проактивна транспарентност по институции

| Назив на институција | Интернет-страница | Оценка |
|---|---|---|
| Министерство за здравство | http://zdravstvo.gov.mk/ | ★ (red) |
| Фонд за здравствено осигурување | http://www.fzo.org.mk/ | ★ (red) |
| Институт за јавно здравје | http://www.iph.mk/ | ★ (red) |
| Здравствен дом Скопје | http://www.zds.com.mk/ | ★ (red) |
| Центар за јавно здравје Скопје | http://www.cph.mk/ | ★ (red) |
| Министерство за финансии | http://www.finance.gov.mk/ | ★ (yellow) |
| Министерство за труд и социјална политика | http://www.mtsp.gov.mk/ | ★ (red) |
| Центар за јавно здравје Кочани | http://cjzkocani.org.mk/ | ★ (red) |
| Влада на РМ | http://vlada.mk/ | ★ (red) |
| Локална самоуправа Делчево | http://www.delcevo.gov.mk/ | ★ (red) |
| Општина Шуто Оризари | http://www.sutoorizari.gov.mk/ | ★ (red) |
| Општина Виница | http://www.opstinavinica.gov.mk/ | ★ (red) |
| Општина Пехчево | http://pehcevo.gov.mk/ | ★ (red) |
| Општина Кочани | http://www.kocani.gov.mk/ | ★ (red) |
| Министерство за образование и наука | http://mon.gov.mk/ | ★ (red) |
| Министерство за надворешни работи | http://www.mfa.gov.mk/index.php/mk/ | ★ (red) |
| Министерство за култура | http://www.mfa.gov.mk/index.php/mk/ | ★ (red) |
| Министерство за внатрешни работи | http://moi.gov.mk/ | ★ (red) |
| Министерство за правда | http://www.pravda.gov.mk/ | ★ (red) |
| Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информации | http://www.komspi.mk/ | ★ (red) |
| Министерство за транспорт и врски | http://www.mtc.gov.mk/ | ★ (red) |
| Министерство за информатичко општество и администрација | http:// www.mioa.gov.mk | ★ (red) |

# Оценка на степенот на проактивна транспарентност на институциите според објавените документи

| Јавни институции | Интернет-страница | Буџетски календар | Стратешки план | Предбуџетска изјава | Предлог- буџет | Граѓански буџет/ Поедноставена верзија на буџетот |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Министерство за здравство | http://zdravstvo.gov.mk/ | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) |
| Фонд за здравствено осигурување | http://www.fzo.org.mk/ | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) |
| Институт за јавно здравје | http://www.iph.mk/ | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) |
| Здравствен дом Скопје | http://www.zds.com.mk/ | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) |
| Центар за јавно здравје Скопје | http://www.cph.mk/ | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) |
| Министерство за финансии | http://www.finance.gov.mk/ | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) |
| Министерство за труд и социјална политика | http://www.mtsp.gov.mk/ | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) |
| Центар за јавно здравје Кочани | http://cjzkocani.org.mk/ | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) |
| Влада на РМ | http://vlada.mk/ | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) |
| Локална самоуправа Делчево | http://www.delcevo.gov.mk/ | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) |
| Локална самоуправа Шуто Оризари | http://www.sutoorizari.gov.mk/ | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) |
| Локална самоуправа Виница | http://www.opstinavinica.gov.mk/ | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) |
| Локална самоуправа Пехчево | http://pehcevo.gov.mk/ | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) |
| Локална самоуправа Кочани | http://www.kocani.gov.mk/ | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) |
| Министерство за образование и наука | http://mon.gov.mk/ | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) |
| Министерство за надворешни работи | http://www.mfa.gov.mk/index.php/mk/ | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) |
| Министерство за култура | http://www.kultura.gov.mk/ | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) |
| Министерство за внатрешни работи | http://moi.gov.mk/ | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) |
| Министерство за правда | http://www.pravda.gov.mk/ | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) |
| Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер | http://www.komspi.mk/ | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) |
| Министерство за транспорт и врски | http://www.mtc.gov.mk/ | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) |
| Министерство за информатичко општество и администрација | http:// www.mioa.gov.mk | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) |

| Јавни институции | Интернет-страница | Усвоен буџет | Објавен усвоен буџет во отворен формат (xml) | Предложени измени и дополнувања | Усвоени Измени и дополнувања на буџетот | Годишни програми за работа |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Министерство за здравство | http://zdravstvo.gov.mk/ | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) |
| Фонд за здравствено осигурување | http://www.fzo.org.mk/ | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) |
| Институт за јавно здравје | http://www.iph.mk/ | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) |
| Здравствен дом Скопје | http://www.zds.com.mk/ | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) |
| Центар за јавно здравје Скопје | http://www.cph.mk/ | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) |
| Министерство за финансии | http://www.finance.gov.mk/ | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (red) |
| Министерство за труд и социјална политика | http://www.mtsp.gov.mk/ | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) |
| Центар за јавно здравје Кочани | http://cjzkocani.org.mk/ | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) |
| Влада на РМ | http://vlada.mk/ | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) |
| Локална самоуправа Делчево | http://www.delcevo.gov.mk/ | ★ (green) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) |
| Локална самоуправа Шуто Оризари | http://www.sutoorizari.gov.mk/ | ★ (green) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) |
| Локална самоуправа Виница | http://www.opstinavinica.gov.mk/ | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) |
| Локална самоуправа Пехчево | http://pehcevo.gov.mk/ | ★ (green) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) |
| Локална самоуправа Кочани | http://www.kocani.gov.mk/ | ★ (green) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) |
| Министерство за образование и наука | http://mon.gov.mk/ | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) |
| Министерство за надворешни работи | http://www.mfa.gov.mk/index.php/mk/ | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) |
| Министерство за култура | http://www.kultura.gov.mk/ | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) |
| Министерство за внатрешни работи | http://moi.gov.mk/ | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) |
| Министерство за правда | http://www.pravda.gov.mk/ | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) |
| Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер | http://www.komspi.mk/ | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) |
| Министерство за транспорт и врски | http://www.mtc.gov.mk/ | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) |
| Министерство за информатичко општество и администрација | http:// www.mioa.gov.mk | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) |

| Јавни институции | Интернет-страница | Месечни извештаи за извршување на буџетот | Полугодишен извештај за извршување на буџетот | Завршна сметка | Ревизорски извештај | Контакт лице за информации од јавен карактер | Листа на информации од јавен карактер |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Министерство за здравство | http://zdravstvo.gov.mk/ | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) |
| Фонд за здравствено осигурување | http://www.fzo.org.mk/ | ★ (red) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (green) |
| Институт за јавно здравје | http://www.iph.mk/ | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) |
| Здравствен дом Скопје | http://www.zds.com.mk/ | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) |
| Центар за јавно здравје Скопје | http://www.cph.mk/ | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (green) |
| Министерство за финансии | http://www.finance.gov.mk/ | ★ (red) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (green) |
| Министерство за труд и социјална политика | http://www.mtsp.gov.mk/ | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (green) |
| Центар за јавно здравје Кочани | http://cjzkocani.org.mk/ | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) |
| Влада на РМ | http://vlada.mk/ | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) |
| Локална самоуправа Делчево | http://www.delcevo.gov.mk/ | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) |
| Локална самоуправа Шуто Оризари | http://www.sutoorizari.gov.mk/ | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) |
| Локална самоуправа Виница | http://www.opstinavinica.gov.mk/ | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) |
| Локална самоуправа Пехчево | http://pehcevo.gov.mk/ | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (green) |
| Локална самоуправа Кочани | http://www.kocani.gov.mk/ | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (green) |
| Министерство за образование и наука | http://mon.gov.mk/ | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) |
| Министерство за надворешни работи | http://www.mfa.gov.mk/index.php/mk/ | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) |
| Министерство за култура | http://www.kultura.gov.mk/ | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) |
| Министерство за внатрешни работи | http://moi.gov.mk/ | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (green) |
| Министерство за правда | http://www.pravda.gov.mk/ | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (green) |
| Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер | http://www.komspi.mk/ | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (green) |
| Министерство за транспорт и врски | http://www.mtc.gov.mk/ | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) |
| Министерство за информатичко општество и администрација | http:// www.mioa.gov.mk | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) |